Координациско тело на финансиските регулатори

за финансиска едукација и финансиска инклузија



# КОДЕКС

## НА ДОБРИ ПРАКТИКИ ЗА ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА

август 2021 година

**Врз основа на Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија на Република Северна Македонија за периодот 2021 - 2025 година, донесена со Изјава за прифаќање на Стратегијата на 8.7.2021 година под бр. 02-20910/1 од страна на финансиските регулаторни институции, Координациското тело за финансиска едукација и финансиска инклузија на својата седница на 27.8.2021 година донесе**

# КОДЕКС НА ДОБРИ ПРАКТИКИ ЗА ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА

## Вовед

Главната цел на Кодексот на добри практики за финансиска едукација (во натамошниот текст: Кодекс) е да овозможи промоција и спроведување на висококвалитетна непристрасна финансиска едукација од страна на сите вклучени субјекти. Во современи услови на динамичен финансиски систем, финансиската едукација станува потребна за сите возрасти и за сите социјални слоеви од населението. Гледано од аспект на институциите коишто можат да придонесат во оваа област, финансиската едукација станува дел од нивната општествена одговорност и значаен аспект на градење на нивната репутација.

Со оглед на растечките потреби, постојано се зголемуваат иницијативите за финансиска едукација, како и бројот на вклучени субјекти од јавниот, приватниот и од граѓанскиот сектор, заради што потребно е да се дефинираат основите и начините за нивно вклучување, водејќи сметка да се избегнат сите

можни судири на интереси. Значаен аспект е и координацијата на вклучените субјекти, како и обезбедувањето ефективни едукативни програми кои се во интерес на населението.

Со цел спроведување квалитетна и непристрасна финансиска едукација, овој кодекс утврдува низа принципи или добри практики, коишто се очекува да бидат доброволно прифатени од институциите што развиваат иницијативи за финансиска едукација. Кодексот, во основа, ги следи препораките и добрите практики за финансиска едукација дефинирани од Меѓународната организација за економска соработка и развој (ОЕЦД) и Меѓународната мрежа за финансиска едукација при ОЕЦД (ИНФЕ-ОЕЦД).

## I. ЦЕЛ

Овој документ ги утврдува принципите што се применуваат при спроведување на иницијативите за финансиска едукација на населението во Република Северна Македонија, со цел да се обезбеди потребната рамка на непристрасност, квалитет и транспарентност.

## II. ОПФАТ НА АКТИВНОСТИ

Иницијативите за финансиска едукација се однесуваат на активностите коишто се насочени кон следните цели:

А. Подобрување на разбирањето на населението на финансиските производи и услуги и нивното користење, како и подобро разбирање на финансиските концепти и ризици;

Б. Развивање на потребните вештини и свесноста кај населението за финансиските ризици и можности, преку информирање, едукација и / или објективни совети од релевантни субјекти;

В. Развивање на способноста за носење информирани финансиски одлуки;

Г. Развивање навики за штедење, планирање на трошоците и заштита од финансиски ризици.

Под „иницијатива за финансиска едукација" се подразбира активност, едукативни материјали или ресурси во соодветен формат развиен од институциите дефинирани во делот III подолу, со цел да се постигнат претходно наведените цели (А-Г). Меѓу другото, иницијативите за финансиска едукација би можеле да вклучуваат: едукативни предавања, работилници, семинари, вебинари, едукативни содржини на веб-страници, едукативни брошури, едукативни видеа и игри, прирачници или упатства за оваа област. Обука на сегашни или идни професионалци од финансискиот сектор (стручно усовршување, специјализирана обука) или академска обука за финансиски прашања не се смета за иницијатива за финансиска едукација.

## III. ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА (Даватели на финансиска едукација)

Овој кодекс се однесува на јавни, приватни (профитни) и непрофитни институции или граѓански здруженија заинтересирани за обезбедување финансиска едукација, а особено на:

- Институции кои обезбедуваат финансиски услуги, како што се: банки, штедилници, друштва за осигурување, осигурително-брокерски друштва, друштва за застапување во осигурувањето, берзи, депозитари, друштва за управување со инвестициски фондови, брокерски куќи, пензиски друштва за управување со пензиски фондови, финансиски друштва;
- Центри за обука или консултантски фирми коишто обезбедуваат финансиска едукација како производ или услуга во рамки на нивното работење;
- Непрофитни институции поврзани со финансискиот сектор, како што се здруженија / асоцијации / групации;
- Непрофитни институции кои не се поврзани со финансискиот сектор, но имаат интерес за организација и обезбедување финансиска едукација, како што се невладини организации, здруженија на потрошувачи, групи наставници или истражувачки институти итн.

## IV. ПРИНЦИПИ што се применуваат при спроведување на иницијативите и активностите за финансиска едукација

Давателите на финансиска едукација треба да ги почитуваат следниве принципи при спроведување на иницијативите и активностите за финансиска едукација:

- Принцип на непристрасност

Иницијативите и активностите за финансиска едукација треба да обезбедат објективно, непристрасно образование и информации без предрасуди. Давателите на финансиска едукација не треба да ги користат таквите иницијативи за комерцијални цели, како дел од маркетинг или рекламни кампањи. Според тоа, приоритет треба да се даде на интересите и потребите за едукација на населението. Давателите на услуги не треба да ги користат иницијативите и активностите за финансиска едукација за да ги промовираат своите производи и услуги и / или да ги критикуваат оние на нивните конкуренти.

- Принцип на точност

Иницијативите за финансиска едукација обезбедуваат јасни, веродостојни, точни, целосни, релевантни и ажурирани информации за темите коишто ги опфаќаат.

- Принцип на транспарентност

Иницијативите и активностите за финансиска едукација треба да обезбедат транспарентни информации за темата што ја обработуваат. Во овој контекст, треба да се истакнат различните релевантни гледишта за обработуваните теми за да се обезбеди непристрасен пристап кон темата.

## V. СОДРЖИНА НА ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА

- Цели

Иницијативите и активностите за финансиска едукација треба да имаат јасно определени цели, да ги дефинираат опфатените прашања и нивната целна публика или таргет група.

- Јазик

Иницијативите за финансиска едукација се спроведуваат со користење едноставен јазик и терминологија, разбирливи и соодветни за целната публика. Исто така, јазикот и начинот на презентирање на едукативните содржини треба да биде приспособен на специфичните карактеристики на групите население со посебни потреби.

- Содржина

Содржината на иницијативите и активностите за финансиска едукација, во основа, треба да ја објасни обработуваната тема и да го олесни нејзиното разбирање, при што треба да биде соодветно приспособена на карактеристиките на целната публика.

Содржината на иницијативите за финансиска едукација треба да биде јасно утврдена како материјал за финансиска едукација и различна од која било рекламна или комерцијална содржина. Следствено, секоја содржина што има за цел да промовира финансиски производи и услуги, директно или индиректно, ќе се смета дека е рекламна или комерцијална содржина.

Иницијативите и активностите кои се преземаат за финансиска едукација треба бидат целосно издвоени од комерцијални или рекламни кампањи.

- Соработка

Доколку давателот на финансиска едукација спроведува активности за финансиска едукација во училиштата или факултетите, треба да обезбеди ваквите активности да се спроведуваат под надзор и во соработка со наставниот кадар од соодветната наставна институција.

- Користење лого или бренд

Непрофитните институции кои се даватели на финансиска едукација можат да го користат нивното лого или бренд во рамки на иницијативите и активностите за финансиска едукација што ги спроведуваат. Сепак, оваа употреба треба да биде урамнотежена и соодветна, со единствена цел идентификување на давателот на финансиска едукација.

Профитните институции кои се даватели на финансиска едукација треба да се воздржат од користење на нивниот бренд во рамки на иницијативите и активностите за финансиска едукација. Доколку давателот на финансиска едукација припаѓа на секторска организација / асоцијација, може да го користи логото на таа организација или неговото лого, под услов оваа употреба да е урамнотежена и со единствена цел да ги идентификува секторските организации / асоцијации, односно конкретниот дավател на финансиска едукација.

## VI. ОБУЧУВАЧИ ЗА ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА

Сите лица на кои давателот на финансиска едукација им ја доверува задачата за презентирање и пренесување на финансиска едукација, без разлика дали се вработени, волонтери или надворешен персонал (во продолжение: обучувачи за финансиска едукација), треба да поседуваат специфични, релевантни и важечки квалификации, како и да им бидат обезбедени соодветни ресурси коишто ќе им овозможат ефикасно спроведување на финансиската едукација.

Обучувачите за финансиска едукација треба да ги усогласат своите обуки со едукативната програма што треба да ја предаваат и да ја усогласат својата презентација за обработуваната тема со принципите утврдени во овој кодекс.

Кога учествуваат во спроведување на иницијативи и активности за финансиска едукација, обучувачите за финансиска едукација треба да се идентификуваат како персонал кој дејствува во име на институцијата која е дավател на финансиска едукација (независно од примарната дејност на институцијата).

## VII. ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ИНИЦИЈАТИВИТЕ ЗА ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА

Давателите на финансиска едукација, дефинирани во делот III, за секоја одделна иницијатива за финансиска едукација треба да го информираат финансискиот регулатор од соодветната област преку електронско доставување на образецот во прилогот 1, пред започнување на активноста. Образецот содржи податоци за целта, опфатените теми, целната група, обучувачите за финансиска едукација, времетраењето на финансиската едукација и друго. Давателите на финансиска едукација се одговорни за податоците во формуларот.

## VIII. ОЦЕНУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВИТЕ ЗА ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА

Со цел да се утврди ефективноста на иницијативите и активностите за финансиска едукација што се спроведуваат, давателите на финансиска едукација треба да ја оценуваат нивната полезност периодично, користејќи методи соодветни на видот на иницијативата. Овие методи треба да овозможат споредба на добиените резултати со претходно утврдените цели за да може да се направат соодветни корекции во едукативните програми, доколку е потребно. Овие методи за оцена на полезноста би можеле да вклучуваат: квантитативни

показатели за примената (број на учесници, посети на веб-страници), прашалници за тестирање на знаењето, анкети за задоволство, итн.

По завршување на активноста, давателите на финансиска едукација треба да го информираат финансискиот регулатор од соодветната област за оцените на спроведените активности, преку доставување на образецот во прилогот 2 по електронски пат. Образецот содржи податоци за начинот на оценка на едукативните програми и самата оцена. Давателите на финансиска едукација се одговорни за податоците во формуларот. Финансискиот регулатор ги вклучува податоците од доставениот формулар во влезните информации за спроведените активности за финансиска едукација за соодветниот пазарен сегмент за потребите за подготовка на Годишниот извештај на Координациското тело за финансиска едукација и финансиска инклузија.

## IX. ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА КОДЕКСОТ

Сите прашања коишто произлегуваат во врска со толкувањето на овој кодекс ќе бидат решени во соработка со надлежниот финансиски регулатор за соодветниот пазарен сегмент во Република Северна Македонија.

**ПРИЛОГ 1**

| Прилог 1. Образец за пријавување на иницијатива за финансиска едукација |
|---|
| 1. Име и презиме, и функција на подносителот на иницијативата |
| - |
| 2. Контакт детали (телефон и електронска адреса) на подносителот на иницијативата |
| - |
| 3. Назив на организацијата – подносител на иницијативата |
| - |
| 4. Назив на иницијативата/проектот за финансиска едукација |
| - |
| 5. Цели на иницијативата |
| -<br>- |
| 6. Целна група според возраст |
| ☐ Младо население до 22 годишна возраст<br>☐ Возрасно население над 22 годишна возраст<br>☐ Возрасно население 64+ ______________________ |
| 6.а. Доколку е младо население, дали е вклучен образовниот сектор во иницијативата? |
| ☐ Да<br>☐ Не |
| 6.б. Целна група според образовен сектор (доколку е одговорено со Да на претходното прашање) |
| ☐ Предучилишно образование<br>☐ Основно образование<br>☐ Средно образование<br>☐ Високо образование |
| 6.в. Назив на образовната институција учесник во иницијативата (поврзано со претходното прашање) |
| -<br>- |
| 7. Целна група според родов, социјален и друг статус |
| ☐ Жени<br>☐ Невработени<br>☐ Претприемачи<br>☐ Микро, Мали и Средни претпријатија<br>☐ Рурално население<br>☐ Друго (ромско население, лица со посебни потреби и сл.) _____________________ |
| 8. Планиран број на директни учесници во иницијативата |
| - |
| 9. Податоци за обучувачите<br>а. Име и презиме _____________________<br>Образование _____________________ |

| |
|---|
| Работно искуство (институција, број на години работно искуство, посетени обуки за финансиска едукација) _____________________<br>б.<br>в. |
| - |
| 10. Тема на предавањето/та (доколку се опфатени едукативни предавања) |
| -<br>-<br>- |
| 11. Времетраење на иницијативата – период (од/до) |
| -<br>- |

## ПРИЛОГ 2

| Прилог 2 - Образец за оценување на спроведена иницијатива за финансиска едукација |
|---|
| 1. Име и презиме, и функција на подносителот на оценувањето |
| - |
| 2. Контакт детали (телефон и електронска адреса) на подносителот на оценувањето |
| - |
| 3. Назив на организацијата – подносител на оценувањето |
| - |
| 4. Назив на иницијативата за финансиска едукација врз база на која се врши оценувањето |
| - |
| 5. Кои од целите се постигнати по спроведувањето на иницијативата? Дали постои некоја цел што не е постигната и зошто? |
| –<br>–<br>– |
| 6. Број на директни учесници при спроведување на иницијативата |
| –<br>–<br>6.а. Од нив: број на жени: |
| 7. Број на индиректни учесници при спроведување на иницијативата (преку други канали, социјални мрежи, посети на веб-страници) |
| -<br>- |
| 8. Дали беа спроведени прашалници за нивото на знаење и оценка на активноста од страна на учесниците по реализирањето на иницијативата? |
| ☐ Да<br>☐ Не<br>Доколку одговорот е Да, наведете ги основните резултати:<br>______________________________________________________________<br>__________________________________________________________________________ |
| 9. Дополнителни податоци / статистика за оценувањето на спроведената иницијатива (доколку не е опфатено во претходниот дел) |
| -<br>-<br>- |